*Citizens for change!*

# ЦИВИКА МОБИЛИТАС
# АКЦИСКИ ГРАНТОВИ

## ПОВИК ЗА ПРЕДЛОЗИ
## Реф. бр. ЦМ-АКТ-01
## Рок: 20.5.2015 г., 16.00ч.

## ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ БР. 1
## 30.4.2015 г.

Цивика мобилитас е проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), кој го спроведуваат NIRAS од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Шведскиот институт за јавна администрација (SIPU).

Во продолжение се дадени прашањата и одговорите во врска со Повикот за акциски грантови бр. ЦМ-АКТ-01, поставени до линијата за поддршка на Цивика мобилитас, најдоцна до крајниот рок за поставување на првата група прашања, 26.4.2015 г.

| Прашање | Одговор |
|---|---|
| П1. Во врска со Повикот за предлози со реф. бр. ЦМ-АКТ-01, ве молам да ми одговорите дали подобни за поддршка се проекти на новоосновани здруженија на граѓани кои сè уште немаат потрфолио, но чии членови имаат долгогодишно искуство? | Датумот на регистрација на апликантот не е критериум за подобност.<br><br>Повеќе информациии за критериумите за подобност може да најдете во дел 2. Критериуми за подобност во Водичот за апликанти: http://civicamobilitas.mk/images/docs/cm-akt-01/cm-akt-01-vodic-za-aplikantite.pdf |
| П2. Дали универзитет може да поднесе апликација за научно-истражувачки проект? | Пријава за акциски грант може да поднесе непрофитна научно-истражувачка установа, која е регистрирана согласно Законот за<br><br>научно-истражувачка дејност, а која што сака да ги промовира своите цели со колективни и колаборативни акции.<br><br>Повеќе информациии за критериумите за подобност може да најдете во дел 2. Критериуми за подобност во Водичот за апликанти: http://civicamobilitas.mk/images/docs/cm-akt-01/cm-akt-01-vodic-za-aplikantite.pdf |